UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2019, ISSUE NUMBER 8

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 8 VOLUME VIII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 8**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# СОДРЖИНА

**ГАЗЕПОВА Вероника**
ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ..... **3**

**ГЛИГОРОВ Илија**
УЛОГАТА НА ИНСТИТУТОТ НА ЗАБЛУДА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО ..... **23**

**ЃУРЃАЈ Никола**
НАЦИЈАТА И НАЦИОНАЛИЗМОТ ВО АЛБАНИЈА ..... **33**

**ДЕМИРОВА Сибел**
МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ОД СОЗДАВАЊЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА од 1991 до 2016 година ..... **43**

**ТАЧЕВСКА Снежана**
УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА ..... **59**

**ЦВЕТАНОВ Павле**
ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФРАНШИЗИНГ ..... **69**

**ЏАБИРСКА Марија**
НОВИОТ ЈАВЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ..... **79**

ГЛИГОРОВ Илија УДК: **343.222.2(497.7)**

# УЛОГАТА НА ИНСТИТУТОТ НА ЗАБЛУДА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО

Апстракт: Репресивната власт на државата претставува еманација на нејзината сувереност. Под репресивна власт се подразбира овластување на државата за пропишување казниви дела и казнени санкции и за нивна примена.

Секоја казнено-правна норма со која се забранува определено поведение и се пропишува казна има двострана природа. Таа содржи забрана за вршење определено дело и, истовремено, наредба адресирана на правосудните органи за остварување на оперативниот дел од таа норма, што се состои во примената на санкција. Прогласувајќи определено поведение за казниво дело државата истовремено ги определува во просторна смисла границите на своето право на казнување, односно на остварувањето на споменатиот оперативен дел на казнените забрани.

Во ова кратко излагање нашиот фокус ќе биде на улогата институтот Заблуда и нејзиното дејство на целокупното казнено законодавство во Република Македонија кое исто така се состои од норми со двострана природа.

Клучни зборови: *Кривично право, кривично дело, елементи на кривичното дело, исклучување на кривичната одговорност, стварна заблуда, правна заблуда.*

GLIGOROV Ilija UDK: **343.222.2(497.7)**

# THE ROLE OF THE MISLEADING INSTITUTE IN MACEDONIAN CRIMINAL LAW

Abstarct: The repressive power of the state is an emanation of its sovereignty. Repressive power means the authority of the state to prescribe and enforce criminal offences and penalties.
Any penal law which prohibits a particular conduct and prescribes a sentence has a two-sided nature.It contains a prohibition on the commission of the particular offence and, at the same time, an order addressed to the judicial authorities for the fulfillment of the operative part of that norm, which consists in the application of the sanction. By declaring certain conduct a punishable offence, the state shall at the same time determine in a spatial sence the limits of its right to punishment, ie the exercise of the said operative part of the penalties.
In this brief presentation our focus will be on the role of the misconception institute and its effect on the overall penal legislation in the Republic of Macedonia, which also consists of norms of a two-sided nature.

Key words: *Criminal law, crime, elements of crime, exclusion of criminal responsibility, real misconduct, legal misconduct.*

ВОВЕД

За да можеме да го образложиме институтот на заблудата во кривичното право, најпрвин мора да бидат јасни и образложени други пошироки институти и поими во кои заблудата го наоѓа своето место и без кои истата не би можела да постои, а тоа се поимите за кривично дело, елементите на кривичното дело, кривичната одговорност како елемент на кривичното дело и основите за исклучување на кривичната одговорност во кои спаѓа и самата заблуда како еден од основите.

Кривичното дело може да биде претставено во формална и во материјална смисла. Македонското казнено законодавство се определува за *формалната законска дефиниција за казненото дело* која е пропишана во член 7 од Кривичниот закон*: „Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.“*

[1] Несомнено е дека, во суштина, покрај формалната забранетост на делото, истото е и општествено опасно (*материјално определување на поимот на казненото дело*). Елементите кои го сочинуваат кривичното дело се: дејствие (се мисли на дејствие во кривично-правна смисла, односно дејствие кое предизвикува определени промени во општествените односи кои се предмет на кривично-правна контрола; исто така „дејствието“ во кривично-правна смисла може да биде и бездејствието, сторување на кривично дело со несторување), предвиденост во законот, противправност, вина (кривична одговорност) и казна. Кривичната одговорност како елемент на кривичното дело исто така може да се согледа во својата формална и во материјална смисла. Согласно нашето законодавство кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото.[2] Сите овие три услови мора да постојат за да можеме да го прогласиме за виновно лицето кое го исполнило законското битие на определено кривично дело и истото да може кривично да биде процесирано. Во кривичното-правната теорија, а секако и во нашето кривично законодавство, се предвидени определени околности под кои кривичната одговорност се исклучува. Во различните кривични системи низ земјите во светот постојат и различни основи кои ја исклучуваат вината. Кај нас тоа се непресметливоста и заблудата, а може да се зборува и за исклучување на вината кај малолетните лица кои немаат наполнето 14 години како основа поврзана со возраста како

[1] Кривичен законик на Република Македонија - „Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 226/15, 97/17 и 248/18, член 7 (во понатамошниот текст: Кривичен закон на РМ).

[2] Кривичен законик на РМ, член 11 став 1.

што е тоа во кривичното право во САД каде и возраста на сторителот е основа за исклучување на вината „на ист ранг“ како и заблудата и непресметливоста. Вреди да се напомене дека при исклучување на вината кривичното дело постои, но конкретниот сторител не може да одговара за истото, додека при исклучувањето на противправноста не постои ниту кривично дело, што значи дека во првиот случај со исклучувањето на вината на еден сторител не се засега во одговорноста на соучесниците или соизвршителите.

После сево ова, доаѓаме до институтот заблуда како основ за исклучување на кривичната одговорност, односно вината. Заблуда во општа смисла претставува погрешна претстава за определени факти, додека во кривично-правна смисла тоа е погрешна претстава за определен кривично-правно релевантен факт. Ваквата заблуда може да биде стварна или правна.

1. Стварна заблуда

(1) Не е кривично одговорен сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не бил свесен за некое негово обележје определено со закон или ако погрешно сметал дека постојат околности според кои, доколку тие навистина постоеле, тоа дело би било дозволено.

(2) Ако сторителот бил во заблуда поради небрежност, кривично е одговорен за кривичното дело сторено од небрежност кога законот определува кривична одговорност и за такво дело.[3]

Со оваа законска дефиниција стварната заблуда за битието на делото е определна како недостаток на интелектуалната страна на умислата што се однесува на околности предвидени како конститутивни обележја на законското битие на конкретното дело.

Стварната заблуда е погрешна претстава за реалните постоечки околности, па во зависност од тоа на какви околности се однесува, таа се ефектира или на предвиденоста во законот (и тоа само на објективните обележја на кривичното дело) или на противправноста. Ваквата заблуда може да се однесува на било кое објективно обележје на кривичното дело – дејствеито на извршување, причинско-последичната врска, последицата, објектот на дејствие, личното својство, статус или однос, начинот и средството на извршување, времето и местото на извршување. Законското битие на казненото дело е составено од повеќе елементи: специфицирано дејствие на извршување, последица, причинската врска помеѓу нив, начин на извршување итн. За да постои умисла, сите овие елементи мора да бидат одразени во свеста на сторителот во вид на точна претстава за фактичките околности низ кои се конкретизираат законските обележја на делото. Се работи за стварна заблуда за битието на делото кога сторителот не е свесен за некоја околност која треба да се сублимира под таквото обележје определено со закон: така, на пример, медицинска сестра по грешка на пациентот му инјектира друг, за него смртоносен лек, свртничарот наместо да ја помести

[3] Кривичен закон на РМ, член 16.

свртницата во лево ја поместува вдесно, ловецот наместо животно погодува човек скриен зад грмушката итн.

Покрај тоа, стварната заблуда за битието на делото ја тангира и небрежноста кај делата кај кои законот го казнува небрежното извршување на делото: исклучувањето на умислата не значи дека по автоматизам може да се констатира постоење на небрежна вина. Небрежноста како облик на вина има свои сопствени критериуми, така што небрежното дело во случајот на стварна заблуда е ab initio такво, а не некој супсидијарен облик на неправо што се активира ако не се исполнети условите за умислена вина.[4]

Ваквата заблуда добива правна релевантност доколку се работи за битна заблуда, а дали е битна се цени според обележјето на конкретното сторено дело. Не е битна заблудата кај сторителот кој убил едно лице притоа мислејќи дека убива друго, но битна е заблудата кога сторителот краде вредни историски културни записи мислејќи дека се работи за обични книги, а притоа не бил свесен, ниту можел да биде свесен, ниту пак бил должен да биде свесен за својствата на објектот на дејствие, во овој случај историските записи. Ваквата правно релевантна заблуда ја исклучува умислата.

Посебен случај е таканаречениот промашен удар (aberratio ictus). Се работи за ситуација во која каузалниот тек скршнува од неговата насока и предизвикува некоја друга несакана последица: наместо правобитната цел, погодено е некое друго лице или предмет. Промашениот удар треба да се разликува од евентуалната, од неопределената или од алтернативната умисла, тоа се случаите во кои дејствието е насочено кон повеќе објекти истовремено или пак кога покрај тоа што ќе биде погоден еден објект сторителот се согласува да биде погоден и друг. Како промашен удар не се третира ниту случајот на error in objecto или error in persona, во кој заблудата е ирелевантна. Промашен удар постои кога сторителот не ја сака последицата, кога таа се појавува како нус продукт на неговото дејствие насочено кон друга замислена последица, поради што треба да се набљудува како посебна правна фигура.

Заблудата за фактите може да се ефектира и на противправноста, односно на социјалната допуштеност на дејствието. Овде се работи за ситуација кога сторителот погрешно смета дека постојат околности кои доколку навистина би постоеле би претставувале основа за исклучување на проивправноста. За разлика од претходниот случај каде сторителот не е свесен дека презема дејствие кое претставува исполнување на законското битие на определено кривично дело, овде сторителот е свесен за тоа дека го исполнува законското битие на кривичното дело, но не е свесен дека околноста за која смета дека постои и која ја исклучува противправноста всушност не постои. На пример, доколку некое лице забележи како од соседниот стан, за кој знае дека е празен во моментот, излегува чад па помисли дека настанал пожар во станот и сметајќи дека кршењето на влезната врата и влегувањето во станот со цел да се изгаси пожарот е правно допуштено дејствие, ја скрши вратата и влегува во станот, а во станот сепак нема пожар, туку сопственикот само

[4] Камбовски, В. (2006). Казнено право (општ дел) – Скопје, стр. 435.

заборавил да го исклучи шпоретот на кој приготвувал јадење, тогаш се работи за ваков вид на заблуда и сторителот не би требало кривично да одговара за кршењето на вратата и навлегувањето во туѓ стан. Во овој случај сторителот погрешно сметал дека постојат околности кои ја исклучуваат противправноста, а таа околност е пожарот кој всушност не постои или кратко речено сторителот мислел дека дејствува во состојба на крајна нужда. Вреди да се напомене дека тоа што сторителот кривично не е одговорен во случајот, тој има граѓанско-правна одговорност и е должен да ја надомести причинетата штета на оштетениот-сопственикот на станот.

Во однос на казнено правното дејство треба да се прави разлика меѓу заблудата за фактичките околности што ја чинат содржината на основите за исклучување на противправноста и за нивното претпоставено дејство како основи за исклучување на противправноста. Сторителот треба да има погрешна претстава за самите околности, погрешно да смета дека е нападната, дека постои опасност итн. Тоа е дел од неговата вкупна погрешна претстава за целиот конкретен настан. Супсумцијата за таквата околност под определени основи за исклучување на противправноста од негов аспект е сосема ирелевалнтна, за што супсумцијата е работа на судот, а не на сторителот.[5]

Стварната заблуда може да биде отстранлива и неотстранлива и може да ја исклучува само умислата или вината во целост. Првата е скривена и ја исклучува само умислата, додека втората е нескривена и ја исклучува и умислата и небрежноста. Отстранлива стварна заблуда постои кога сторителот не бил свесен за околности кои влегуваат во обележјето на кривичното дело или не бил свесен за непостоењето на околност која ја исклучува противправноста, при што можел и бил должен да биде свесен за тоа. Се работи за скривена заблуда и тоа од невнимание, од што прозлегува дека на сторителот му се замерува самото доаѓање во заблуда. Сторителот можел да се однесува поинаку, можел согласно своите психофизички можности да не дозволи да западне во заблуда, но сепак не ги искористил своите способности и можности за да не западне во заблуда. Кај неотстранливата заблуда се исклучува вината во целост. Овде нема ниту умисла, ниту небрежност. Сторителот ниту е свесен за вистинската состојба на околностите, ниту согласно своите лични својства можел и бил должен да биде свесен за таквите околности. Значи, кај сторителот кумулативно не постојат ниту лични својства за исправно ценење на околностите, ниту должност правилно да ги процени. Личните својства се однесуваат на психо-физичките квалитети на сторителот, а должноста се однесува, односно се вреднува според критериумот на „просечен граѓанин“.

2. Правна заблуда

Ваквата заблуда претставува погрешна претстава за забранетоста на делото. Правната заблуда се дели на формална противправност која претставува спротивно постапување на позитивните правни прописи и материјална противправност која

[5] Камбовски, В. (2006). Казнено право (општ дел) – Скопје, стр. 435 и 436.

претставува однесување кое е штетно за општественото, односно негативно општествено однесување.

(1) *Не е кривично одговорен сторителот на кривично дело кој од оправдани причини не знаел и не можел да знае дека тоа дело е забрането.*
(2) *Ако сторителот на кривичното дело можел да знае дека делото е забрането, може да се казни поблаго.*[6]

Законската дефиниција на заблудата за противправноста упатува на постоењето свест кај сторителот за забранетоста на делото. Со други зборови, ваквата заблуда е негативна страна на свеста за противправноста што според нормативно психолошката концепција е самостоен елемент во структурата на вината. Кога сторителот има погрешна претстава за тоа што го прави се работи за стварна заблуда, а за забранетоста на тоа што го прави – за правна заблуда: тој знае што прави, но не знае дека тоа е забрането или смета дека му е дозволено да го прави. На пример, странец кој доаѓа од држава во која е дозволен полигамен брак набргу по доаѓањето кај нас без да се распрашува склучува нов брак (двобрачност, член 195 КЗМ). Правна заблуда постои и кога сторителот е свесен за забранетиот карактер на делото воопшто, но погрешно смета дека во конкретниот случај неговата противправност е исклучена поради дејството на некоја основа замислена од него што му оди во прилог, иако не е предвидена како основа за исклучување на противправноста. На пример, сторителот смета дека како постар има право да го воспитува секое дете што ќе го затекне на улица со цигара во рака удирајќи му шлаканица. Во првиот случај кога сторителот не е свесен за забранетоста на делото се работи за таканаречена дирекна правна заблуда, додека во вториот случај, кога тој е свесен за забранетоста на делото, но си создава самиот за себе нова основа за исклучување на противправноста – за индиректна правна заблуда. Основен критериум за оцената за постоење на оправдана или неоправдана заблуда е критериумот на небрежниот однос на сторителот кон должноста за познавање на правните забрани. Оправдана е онаа правна заблуда кај која на сторителот не може да му се префли дека невнимателно се однесувал кон барањата за правниот поредок за почитување на правните добра, дека не ја повредил објективната, просечна мера на должно внимание, а потем и субјективното должно внимание кон таквите барања. Таквата заблуда е неотстранлива, и извинувачка, ако се потпира врз фактички состојби или врз околности поради кои сторителот не можел да ги задоволи објективните и субјективните барања на должно внимание. Ако кај сторителот постои небрежен однос кон нив, заблудата е неоправдана, отстранлива, извинувачка. Во тој случај, може да се зборува за потенцијална свест, за должност и за можност за свест на сторителот, што е доволна основа за упатување прекор за стореното дело. Во определувањето на фактичкиот супстракт за ваквата оцена може да се земат предвид различни околности: професијата или дејноста на сторителот, со која е поврзана должноста за познавање на правните прописи (возачот е должен добро да ги познава различните забрани во сообаќајот); социјалната средина во која живее (овчарот

[6] Кривичен законик на РМ, член 17.

што го поминува времето во планина и не мора многу многу да ги познава различните забрани формирани околу некои поими што им се малку јасни и на многу трговци како што се ДДВ, Акцизи и слично); итн. Неоправданата правна заблуда не ја исклучува вината. Според КЗМ, ако сторителот на казненто дело можел да знае дека делото е забрането, може да се казни поблаго. Се работи за отстранлива, неизвинувачка заблуда.[7]

3. Практични случаи пред Врховниот суд на РМ

3.1 КВП2 бр. 3/2017

Основниот суд Кочани со пресуда К. бр. 22/15 од 23.11.2015 година, обвинетиот А.А. од М.К., го огласил виновен за продолжено кривично дело „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години" од член 188 став 1 во врска со член 45 од Кривичниот законик и го осудил на казна затвор во траење...

Апелациониот суд Штип со пресуда Кж. бр. 30/16 од 19.10.2016 година, жалбата изјавена од обвинетиот А.А. од М.К., преку бранителот Б.Б., адвокат од С. И жалбата изјавена одобвинетиот В.В.од село Г.Ц., преку бранителот Г.Г., адвокат од С., ги одбил како неосновани....

Барањето на осудениот А.А. од М.К., поднесено преку бранителот Б.Б., адвокат од С. и барањето на осудениот В.В. од село Г.Ц., поднесено преку бранителот Г.Г., адвокат од С., за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на Основниот суд Кочани К. бр. 22/15 од 23.11.2015 година и пресудата на Апелациониот суд Штип Кж. бр. 30/16 од 19.10.2016 година, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Имено, од изведените докази во текот на постапката неспорно произлегува дека осудените знаеле за возраста на оштетената, која по физичката конституција е неразвиена, без секундарни карактеристики на дете од нејзина возраст. Дека осудениот А.А знаел за возраста на оштетената се потврдува и од настанот кога оштетената пред да има полов однос со А.А, била неколку дена кај него и неговото семејство на гости во М.К. и во таа прилика оштетената му кажала колку години има и дека посетува специјална паралелка во село Б.. Осудениот А.А имал доволно време и можел да сфати дека оштетената е со заостанат душевен развој, како и дека е дете. Исто така дека осудениот В.В знаел за возраста на оштетената произлегува не само од изјавата на оштетената но и од неговата одбрана, дека кога критичниот ден дошол кај оштетената заедно со осудениот А.А разговарале, што значи дека можел да забележи за каква личност се работи, а и самиот ја опишува оштетената како дете. Врховниот суд на Република Македонија се согласува со наоѓањето на пониските судови дека во конкретниот случај во дејствијата на осудените не се содржани законските претпоставки кои согласно Кривичниот законик ја исклучуваат нивната кривична одговорност. Напротив, осудените делувале свесно, не биле во состојба на заблуда по однос

[7] Марјановиќ, Ѓ. и Каневчев, М (2016). Македонско кривично право, Општ дел, – Скопје, стр. 216-219.

на возраста на оштетената, ниту во состојба на трајно или привремено душевно заболување, па поради тоа да не може да го разберат значењето на делото.[8]

3.2 Квп. КОК2. Квп. бр. 16/2015

Барањето на осудениот А.А од С., за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на Основниот суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција КОК. бр. 105/13 од 29.4.2014 година и пресудата на Апелациониот суд Скопје КОКЖ. бр. 78/14 од 26.1.2015 година, поднесено преку бранителот Б.Б, адвокат од С., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Со пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција КОК. бр. 105/13 од 29.4.2014 година, обвинетите А.А од С. и В.В од К., биле огласени виновни за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор од член 418-д став 3 во врска со став 1 во врска со член 22 од Кривичниот законик, за кое обвинетиот А.А бил осуден на….

Со пресудата на Апелациониот суд Скопје КОКЖ. бр. 78/14 од 26.1.2015 година, жалбите на обвинетиот А.А од С., изјавена преку бранителот Б.Б, адвокат од С. и на обвинетиот В.В од К., изјавена преку бранителот Д.Д, адвокат од С., биле одбиени како неосновани, а пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје – Одделение за организиран криминал и корупција КОК.бр.105/13 од 29.04.2014 година, била потврдена.

Неосновани се и наводите истакнати во барањето дека осудениот бил во заблуда по однос на меѓународното право и забранетоста на делото бидејќи бил неук човек. Наведеното од причина што, од начинот на кој бил реализиран настанот, договарањето, превезувањето на сведоците, примањето на паричен надомест за услугата, околноста дека осудениот управувал едно од возилата, што впрочем произлегува и од исказите на останатите осудени, дека не биле евидентирани при излез од РМ, а веднаш по влегувањето во Р.С. на паркинг просторот сведоците патници на осудените им исплатиле пари, како што било договорено за дел од услугата, нивната интензивна меѓусебна комуникација во критичниот период, видно од листинзите од мобилните оператори, јасно произлегува дека осудениот бил свесен за забранетоста на делото и дека не бил ниту во правна, ниту во стварна заблуда.[9]

---

[8] http://www.vsrm.mk/wps/portal/osstip/sud/odluki/!ut/p/z1/jZBPT8JAEMU_i4deO4P0z-Jt0VKFFqLY2O7FFFyWNdtusyz061vExJhAcW4z-b289wYY5MDq8iBFaaWuS9XtBQveR_gQDMb3mCxmIUGaZlGSxU9Tfz6Et28giD0PyQwTsnwZI40wJK8jivEEgf1H3wMc9XhhKP7oe4Cr_uyaxQnoqTgFJpRend5F69WQCGCGb7jhxt2b7ry1ttndOehg27au0Foo7q515eA5yVbvLOR_SSi6ouFvisXjJESaRQOfkudbL_FgeQwqq0bJtbSp_uAKCmv2HJoqy3L89NUh2cxTevMFAJXsUw!!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

[9] http://www.vsrm.mk/wps/portal/osstip/sud/odluki/!ut/p/z1/jZBPT8JAEMU_i4deO4P0z-Jt0VKFFqLY2O7FFFyWNdtusyz061vExJhAcW4z-b289wYY5MDq8iBFaaWuS9XtBQveR_gQDMb3mCxmIUGaZlGSxU9Tfz6Et28giD0PyQwTsnwZI40wJK8jivEEgf1H3wM

ЗАКЛУЧОК

Развитокот на современиот концепт на вината започнува од почетокот на 19 век. Пред тоа вината го немала значењето на основна претпоставка за примена на казната, зашто клучен критериум за казнувањето претставувал првенствено каузалитетот на дејствието, т.е. фактот дека сторителот со своето дејствие ја предизвикал казненоправно релевантната последица.

Во втората половина на 19 век со настапот на натурализмот и воопшто детерминистичките влијанија во казненото право прашањето за слободна волја е симнато од дневен ред со прифаќањето на психолошката концепција за вината. Вината ја чинат психолошките факти што го карактеризираат субјективниот однос на сторителот кон неговото дело. Така, соголениот поим за вината, нејзиното сведување на збир од психолошки факти (свест за делото, волја итн.) се покажал како мошне погоден за избегнување на големите теоретски расправи меѓу „класичната“ и „модерните“ школи од почетокот на 20 век, кои никогаш не ги доведоа во прашање елементите на поимот на вината (пресметливост и умислата или небрежноста). Заднина на ваквата помиреност бил всушност правниот позитивизам како нивно заедничко поаѓалиште, од кој казненоправната мисла започнала да се ослободува дури во почетокот на 20 век, со пробивот на неокантизмот и враќањето кон етичките и кон вредносните критериуми во конципирањето на казненоправните институти. Таквиот методолошки пресврт резултирал со прифаќање на вредносно, етички сфатениот поим за вината како прекор, низ појавата на нормативната концепција за вината, која за прв пат била развиена во делото на германскиот теоретичар Франк, „Содржината на поимот на вината“ од 1907 година. Со ова бил затворен догматскиот круг на учењето за вината, кој до денес доживеал само неколку не особено влијателни пробиви. Така, „Движењето на општествена одбрана“, прифаќајќи ја вината во својот категоријален систем, нејзината содржина и функција ја свела на субјективно чувство на вина важно за остварување на целите н ресоцијализацијата. Финалистичкото учење за вината помина во краен нормативизам, соголувајќи го овој поим од секаква психолошка содржина: умислата е вградена во поимот на дејствието, така што вината се сведува на чист нормативен суд за вкупното однесување на сторителот. Неокласичната школа врз еклектички позиции ја прифатила идејата за релативна слобода на волјата и за нормативно сфатената вина, а од друга страна уважувајќи го релативниот детерминизам се определи за ограничена одговорност и за индивидуализирана казна што не може да ја пречекори мерата на вината.

---

c9XhhKP7oe4Cr_uyaxQnoqTgFJpRend5F69WQCGCGb7jhxt2b7ry1ttndOehg27au0Foo7q515eA5yVbvLOR_SSi6ouFvisXjJESaRQOfkudbL_FgeQwqq0bJtbSp_uAKCmv2HJoqy3L89NUh2cxTevMFAJXsUw!!/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4=CZ6_90D61BC0LOK780AMUELUGIJ5N3=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24L4

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Камбовски, В; Меѓународно казнено право (1998 год.).

Камбовски, В; Казнено право (општ дел) (2006 год.).

Марјановиќ, Ѓ; Каневчев, М; Македонско кривично право (Општ дел)(2016 год) -

Кривичен законик на Република Македонија - „*Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 226/15, 97/17 и 248/18.*

Vukovic, N; Odredjena pitanja stvarne i pravne zablude u Krivicnom pravu.